MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2683/4
06.08 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------------- од С------, на 20-та седница одржана на ден 05 август 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 2683/1 од 13.05.2019 година на подносителот --------- од С--------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2683 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2683/1 од 13.05.2019 година.

Предметот со број 12-2683 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-683 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 2683/1 од 13.05.2019 година, од познат подносител, физичко лице – ------------------ од С------------ – -----------------------.

Со пријавата се изразува незадоволство од постапувањето на јавен обвинител и од постапувањето на судија во тековна судска постапка пред надлежен суд во Република Северна Македонија, во која подносителот на пријавата не е странка, а поврзано со негови сознанија и укажувања, како укажувач, за криминал и корупција ----------------- --------- ----------------Истовремено, со пријавата се изразува сомневање за успешно и објективно завршување на постапката во предметниот пријавен случај.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за тоа дека тој неосновано не е вклучен, од страна на јавниот обвинител кој го застапува предметот, во доказната постапка по истиот, наводите дека со кривичната пријава/обвинителниот акт не се опфатени сите лица за кои тој има сознанија дека треба да бидат повикани на одговорност, како и наводот за барањето на судечкиот судија на рочиштето за предметот одржано на ден ---, ---2019 година подносителот на пријавата, според него без причина, да ја напушти судницата.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

MQS
Partner of Quality Austria

Бр. ________
________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на избраните лица – јавен обвинител од надлежно јавно обвинителство и судија на надлежниот суд кои постапуваат на конкретниот случај, а кои кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Истовремено, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај се работи за тековна постапка – постапка која е во тек, пред надлежен суд во Република Северна Македонија по однос на која Државната комисија за спречување на корупцијата нема законска надлежност да се вмешува ниту да влијае на истата, а дејствувањето на јавниот обвинител кој го застапува предметот и на судија(та) - во овој предмет и постапка, може евентуално да биде предмет на оценка и на постапување на други надлежни органи во Република Северна Македонија, а не и на Државната комисија за спречување на корупцијата, особено ако се има во предвид одредбата од Законот за судовите која пропишува дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите и секако не пред правосилното завршување на судската постапка.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 12- 2683/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk